# ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 16-а став 2 алинеја 18 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13 и 41/14), Инспекцискиот совет донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# НА ИНСПЕКТОРИТЕ

## I. Општи одредби

### Член 1

1) Со овој кодекс се определуваат основните принципи на однесување и работење на инспекторите, со цел да се обезбеди почитување на законитоста, професионалниот интегритет и ефикасноста при вршењето на должностите, во рамките на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани од страна на Република Македонија.

2) Инспекторите се должни да се придржуваат кон одредбите на овој кодекс.

## II. Основни принципи

### Член 2

1) Основни принци во работењето на инспекторите согласно овој кодекс се:
- стручност, совесност, чесност и одговорност во вршењето на работните задачи и обврски во согласност со Уставот, законите, подзаконските акти, ратификуваните меѓународни договори, без дискриминација или повластување и без никаков личен интерес,
- посветеност во работењето,
- чување на својот углед и достоинство и угледот на инспекциската служба, со избегнување на ситуации и однесувања што можат да наштетат на интересот или угледот на инспекциската служба,
- избегнување на користење на статусот или влијание за задоволување на сопствени материјални и лични интереси или интереси на членовите на нивните семејства,
- избегнување секаков вид на етички некоректно однесување,
- почитување на туѓите права и достоинство.

## Лична одговорност

### Член 3

1) Инспекторите се должни да ги почитуваат и да се придржуваат кон одредбите од овој кодекс и да се запознаат со последиците од непочитувањето и непридржувањето кон истиот.

### Член 4

1) Инспекторите се должни да ги следат, проучуваат и соодветно да ги применуваат законите и другите акти што се поврзани со извршувањето на службените должности.

2) Инспекторите се должни работните обврски да ги извршуваат со внимание, трудољубивост, професионалност и интегритет.

## Член 5

1) Инспекторите не смеат да ги злоупотребуваат овластувањата и статусот на инспектор.

2) Инспекторите се должни да се однесуваат на начин кој ќе ја одржува, подобрува и зајакнува репутацијата и професионалната работа на инспекторите.

## Почитување на правото

## Член 6

1) Инспекторите при вршењето на службените должности се должни да ги почитуваат Уставот, законите, подзаконските акти, актите на инспекциската служба, како и ратификуваните меѓународни договори.

## Член 7

1) Инспекторите се должни да го информираат непосредниот раководител, доколку против нив е поведена постапка за утврдување кривична одговорност.

## Член 8

1) Во случај кога од инспекторите се бара да дејствуваат на неетички начин или на друг начин кој претставува кршење на овој кодекс, тие за тоа писмено ќе го информираат непосредниот раководител.

2) Доколку барањето за недозволеното однесување потекнува од непосредниот раководител, во тој случај информацијата од став 1 на овој член ќе се достави до непосредниот раководител на издавачот на наредбата, односно налогот.

3) Раководителот е должен да да ги испита наводите во информацијата од став 1 на овој член, а во случај кога ќе се потврди постоењето на истите, ќе иницира преземање на соодветни мерки.

## Непристрасност

## Член 9

1) При извршување на службените должности инспекторите нема да бидат пристрасни, односно ќе обезбедат еднаков третман на сите субјекти.

## Член 10

1) При донесување на конкретна одлука и при решавање за правата, обврските и интересите на граѓаните и правните лица, инспекторите нема да се раководат од погрешна, неоправдана или неразумна оцена на фактичката состојба заради предрасуди, остварување на амбиции за напредувањето во кариерата, судир на интереси, заплашеност или закани од претпоставените или од лицата кои се засегнати со определена одлука или решение.

## Односи со странки

## Член 11

1) Инспекторите во односите со субјектите се должни да се однесуваат коректно, професионално и со должно внимание кон нивните права.

2) При подготовката на пишани материјали, одлуки или решенија како и во друга комуникација со јавноста, инспекторите се должни да користат јасен и разбирлив јазик.

## Член 12

1) При службени контакти со јавноста, инспекторите се должни се легитимираат.

## Член 13

1) Во односите со субјектите инспекторите ќе внимаваат на својата безбедност, безбедноста на своите колеги, како и на безбедноста на учесниците во инспекцискиот надзор. Ако настане ситуација на нарушување на личната безбедност, безбедноста на колегите или безбедноста на учесниците во инспекцискиот надзор, инспекторите ќе побараат подршка од стручно оспособен персонал. За сите овие случаи ќе го информираат непоредниот раководител, односно во негово отсуство повисокиот раководен работник.

## Подароци, награди и и друг вид на корист

## Член 14

1) Инспекторите при извршувањето на службените должности не смеат да примаат и изнудуваат подароци, награди и друг вид на корист што може да влијае врз донесувањето на одлуките.

2) Обидите на субјектите на инспекциски надзор да понудат било каква корист во замена за услуга или повластен третман, инспекторите веднаш ќе ги пријават во писмена форма до непосредниот раководител, односно во негово отсуство на повисокиот раководен работник.

## Член 15

1) Инспекторите се должни подарок оставен во работните простории без нивно знаење и волја, без одлагање писмено да го предадат на инспекциската служба преку непосредниот раководител, односно во негово отсуство преку повисокиот раководен работник.

## Член 16

1) Инспекторите кои се вклучени во постапка за јавна набавка нема да прифаќаат подароци или друга корист од постојните или идни учесници во постапката за јавна набавка за да не се изложат на претпоставки за нечесно работење при вршење на набавките.

## Избегнување на судир на интереси

## Член 17

1) Инспекторите при извршувањето на службените обврски се должни да ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на судир на интереси и да постапуваат согласно истиот.

2) Кога инспекторите ќе дознаат за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси, должни се веднаш да побараат да бидат иземени и да запрат со своето постапување.

## Член 18

1) Инспекторите нема да користат службени информации за да остварат свои приватни интереси или интереси на други лица.

## Политички активности

## Член 19

1) Инспекторите ги извршуваат своите работни задачи, обврски и овластувања на политички неутрален начин.

## Член 20

1) Инспекторите нема јавно да го застапуваат или изразуваат своето политичко убедување во вршењето на работата и овластувањата.

2) При вршењето на своите овластувања инспекторите нема да вршат политички активности бидејќи со тоа ја поткопуваат довербата на граѓаните и правните лица во нивната способност да ги извршуваат службените должности на политички непристрасен начин.

## Член 21

1) Во односите со јавноста, како и во односите со своите колеги, инспекторите нема да ја споменуваат, истакнуваат или посредно да ја ставаат до знаење својата припадност кон одредена политичка партија.

## Член 22

1) Инспекторите не смеат да ги врбуваат физичките и правните лица, како ни своите колеги, да пристапат кон одредена политичка партија, ниту ќе ги потикнуваат да го сторат тоа ветувајќи им било какви бенефиции при спроведување на инспекцискиот надзор, односно напредок во службата.

## Однесување со работи поврзани со пари

## Член 23

1) При работа со службени пари, инспекторите ќе ги применуваат следните принципи:
- службените пари ќе се трошат мудро и наменски,
- трансакциите каде што се вклучени службени пари мораат да бидат законски,
- само овластени лица можат да донесуваат одлуки за финансиски обврски.

## Доверливост и употреба на службени информации

## Член 24

1) Без претходно овластување од страна на непосредниот раководител, а во негово отсуство на повисокиот раководен работник, инспекторите нема на неовластени лица да пренесуваат службени информации кои ги добиле за време на вршење на своите овластувања. Ова правило се однесува на сите документи и информации вклучувајќи ги и тие евидентирани по електронски пат.

2) Инспекторите при вршењето на своите службени должности се должни да ја почитуваат туѓата приватност.

## Член 25

1) Инспекторите нема да ги злоупотребат службените информации за лични цели, за искористување на лица врз основа на информациите добиени преку доверливи досиеа и нема да ги отстрануваат, менуваат или уништуваат истите.

## Употреба на средствата за работа и средствата за легимитирање

## Член 26

1) Инспекторите максимално економично и ефикасно ќе управуваат и ќе ги користат средствата за работа, опремата и другите предмети кои им се доверени за извршување на нивните овластувања и ќе бидат активни во спречувањето на нивно незаконско користење.

Покрај претходното, инспекторите ќе се грижат за безбедноста, за да спречат да дојде до оштетување на доверените средства.

## Член 27

1) Инспекторите нема да ги користат средствата за службена идентификација (службена легитимација, магнетна картичка, факсимил, лозинка и друго) надвор од овластувањата за кои истите ги поседуваат.

2) Средствата за службена идентификација инспекторите ќе ги чуваат со особено внимание, секое оштетување навремено ќе го отстранат, а по завршување на работниот однос ќе ги предадат на инспекциската служба.

## Работна средина

## Член 28

1) Инспекторите имаат право на здрава и безбедна работна средина без дискриминација и малтретирање од било каков вид.

## Член 29

1) Инспекторите не смеат да внесуваат, употребуваат или да се под дејство на алкохол и психотропни супстанции за време на извршување на службените должности.

2) Инспекторите не смеат да пушат на места каде што тоа е забрането, како ни при извршувањето на обврските на јавни места.

## Член 30

1) Облеката и изгледот на инспекторите ќе биде соодветна на работните обврски, уредна, чиста и средена, при што ќе се почитуваат важечките прописи.

## Однесување во приватниот живот

## Член 31

1) Инспекторите во приватниот живот ќе избегнуваат било какво однесување кое би можело да ја намали довербата на јавноста во инспекциската служба.

## Член 32

1) Инспекторите ќе избегнуваат активности кои се во конфликт со законските и етичките норми, а кои би можеле да бидат причина за нивна уцена при вршењето на службените задачи.

## Одговорност за непочитување на одредбите на кодексот

## Член 33

1) За постапување спротивно на одредбите утврдени со овој кодекс, инспекторот одговара дисциплински.

# III. Завршни и преодни одредби

## Член 34

1) Раководителите на инспекциските служби се должни да вршат надзор над правилната примена на одредбите на овој кодекс.

2) Раководителите на инспекциските служби се должни со овој кодекс да ги запознаат инспекторите во инспекциските служби со кои раководат.

## Член 35

1) Овој Кодекс влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 03-166/1
7 јули 2014 година
Скопје

Претседател
на Инспекциски совет,
**Ванчо Каргов,** с.р.